ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 45-3141/5
Датум: 08.04.2025
Скопје

Врз основа на член 50 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен Весник на РСМ" бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24 и 40/25), Градоначалникот на Општина Карпош го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

За организирање на Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт Измена и дополна на Детален урбанистички план за градска четврт ЦС 15, Блок 02, Општина Карпош – Скопје.

Јавната анкета по Нацрт Измена и дополна на Детален урбанистички план за градска четврт ЦС 15, Блок 02, Општина Карпош – Скопје, ќе се одржи во периодот од 25.04.2025 година до 26.05.2025 година, секој работен ден, од 7.30 до 15.30 часот, во просториите на Општина Карпош-Скопје.

Јавна презентација за заинтересирани правни и физички лица од подрачјето опфатено со планот, подрачјата соседни на планскиот опфат и широката јавност, претставниците на стручната јавност, претставници на органите на државната управа, претставници на локалната самоуправа, стручни лица од невладините организации и други стручни лица од областа што е релевантна за планирањето и за конкретниот плански опфат по Нацрт Измена и дополна на Детален урбанистички план за градска четврт ЦС 15, Блок 02, Општина Карпош – Скопје ќе се одржи на 06.05.2025 година во 13.00 часот, во просториите на Општина Карпош-Скопје.

Планскиот опфат кој е предмет на уредување со овој Детален урбанистички план, зафаќа површина од 2,49 ха и неговата местоположба е дефинирана во рамките на следните граници:

- од североисток од пресек на оска на планирана градска магистрала Булевар 8-ми Септември со оска на регулирано корито на река Серава, кон југозапад по оска на планирана градска магистрала Булевар 8-ми Септември, до пресек со оска на сервисна улица 1699,
- кон југоисток по оска на сервисна улица 1699, до пресек со оска на планирана индустриска улица Драган Спиркоски Максо,
- кон исток по оска на индустриска улица Драган Спиркоски Максо, до пресек со оска на регулирано корито на река Серава,
- кон северозапад по оска на регулирано корито на река Серава, до пресек со оска на планирана градска магистрала Булевар 8-ми Септември (почетна точка).

Анкетните листови за учество во Јавната анкета ќе бидат достапни во просториите на Општина Карпош, Скопје. Соопштението за организирање на Јавна Презентација и Јавна анкета, Графичкиот приказ за Нацрт Измена и дополна на Детален урбанистички план за градска четврт ЦС 15, Блок 02, Општина Карпош – Скопје и подетални информации за истите ќе бидат објавени на ВЕБ страната на Општина Карпош- www.karpos.gov.mk.

Во определениот рок, заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со Планот, можат да достават писмени забелешки на анкетните листови.

Изготвил:
Марија Л. Младеновска, диа

Одобрил:
Раководител на Сектор,
Благица Блажевска, диа

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ